МАЛА ГРАДСКА ГАЛЕРИЈА ВО ДОМОТ „КО-РА“

# Инспиративноста на Чеплес

● **По инсталацијата на Јадранка Урдаревска се предвидуваат проекти и на Александар Јанкуловски, Гроздан Крстевски, Мирослав Масин, Ѓоко Матевски и Предраг Урошевиќ**

„Малата Градска Галерија“ како специфична активност заживува што се забележува и од бројните реализирани проекти во неа, како на наши така и на странски автори, а во рамките на домот на културата „Кочо Рацин“ во Скопје.

Во 1996 година историчарот на уметност Виолета Крстиќ престојуваше со група автори – уметници на „Чеплес“. Оваа мобилна ликовна колонија од времето на престојот до денес сѐ уште работи на дела инспирирани од убавините на „Чеплес“. Инаку самиот проект е насловен како Мултимедијална ликовна констелација „Битови и етно илуминации и рефлексии“.

Токму поради тоа авторот на проектот и го употребува терминот рефлексија. Како одраз на сите оние насобрани искуства од мирисите, звуците, земјата, и природните убавини на Чеплес. Изработени се повеќе графики, снимени звуци, подготвени колажи со комбинирани техники. За самото творење на авторите, беше овозможено секој, според своја желба и афинитети, да користи материјали какви што сака, по слободен избор. Творечкиот момент не секогаш се поклопува со термините на колониите, па токму поради тоа и овој проект е замислен да трае подолг период, и да се реализира етапно во повеќе констелации.

Прв реализиран проект со кој започнува овој циклус е инсталацијата на Јадранка Урдаревска отворена во мај во „Малата Градска Галерија“ во домот на културата „Кочо Рацин“ – Скопје, а по повод Светскиот ден на екологијата. Јадранка Урдаревска – која што заврши ФЛУ во класата на проф. Петар Хаџи – Бошков и Свето Манев – во својата инсталација користи природни материјали: сено, цвеќе, коноп но и жица, хартија.

**А.З. – Виљиќ**